## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10) и член 103 став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09 и 67/10), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките

I. Во прилогот 1 на Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/11) се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. По сметката 0089 се додаваат сметките:

„009 Нематеријални средства во подготовка
0091 Набавна вредност
0098 Оштетување".

2. По сметката 3117, сметките 31070 и 31079 се менуваат и гласат:

„31170 Ограничени тековни сметки во странска валута кај домашните банки
31179 Исправка на вредноста на ограничените тековни сметки во странска валута кај домашните банки".

3. По сметката 64901 се додава сметката:

„649017 Ефект од курсни разлики на посебната резерва за вонбилансна изложеност".

4. По сметката 64911 се додава сметката:

„649117 Ефект од курсни разлики на посебната резерва за вонбилансна изложеност ".

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/X-4/2011**
**27.10.2011 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**